Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 54, 15 февруари 2011 година

февруари 2011 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област дизајнирање на текстил и облека на Технолошко-технички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за наставното-научното подрачје филозофија на Педагошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област биофизика и оптика на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област етика на Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ........ 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент по предмети од научната област социологија на масовни комуникации и информации на Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ........ 27

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ ФИЛОЗОФИЈА НА ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП**

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование на РМ („Сл. весник на РМ" бр. 35/08, 103/08, 26/2009, 83/2009, 99/2009 и 115/2010 год.), а согласно со член 32, според Правилникот за единствените критериуми и постапки за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, по завршувањето на рокот за пријавување кандидати по Конкурсот за избор на еден соработник во звање ***асистент*** за наставно-научното подрачје ***филозофија***, објавен во дневниот весник „Дневник" (7.12.2010 год.), Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" на 13. седница, одржана на 21.12.2010 година, донесе Одлука со која сме избрани за членови на Рецензентската комисија за поднесување писмен реферат за пријавените кандидати.

Врз основа на таа Одлука, Рецензентската комисија во состав:

1. проф. д-р Вера Георгиева, претседател,
2. проф. д-р Денко Скаловски, член,
3. доц. Драгор Заревски, член,

има чест да го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На Конкурсот, објавен во дневниот весник „Дневник" (7.12.2010 година), за избор на еден соработник во звањето *асистент* за наставно-научното подрачје *филозофија* се пријавиле следниве кандидати:

1. м-р Трајче Стојанов,
2. м-р Горан Стојанов,
3. м-р Сузи Тенева,
4. д-р Владимир Џидров.

***Биографски податоци***

1) **Трајче Стојанов**

Кандидатот м-р Трајче Стојанов кон пријавата ги приложил и следниве документи:

1. Уверение за државјанство;
2. Уверение за завршени постдипломски студии за магистратура;
3. Уверение за завршени постдипломски/магистерски студии и положени испити;
4. Потврда за познавање на странски јазик;
5. Куса биографија со наведени стручни и научни трудови;
6. Копии од публикуваните трудови, сертификати и уверенија.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Трајче Стојанов** е роден на 25 март 1977 година во Штип. Основно и средно образование завршува во родниот град. Во 2000 година дипломира на Филозофскиот факултет во Скопје, на Институтот за филозофија. Со титулата **магистер на науки** се здобива во 2007 година, одбранувајќи ја тезата со наслов „*Философско-религиските импликации во творештвото на Фјодор Михајлович Достоевски*". На Филозофскиот факултет во Скопје пријавува докторска теза со наслов „*Основни проблеми и особености на руската религиска философија*". Учествува на повеќе семинари, симпозиуми и обуки.

Во 2001/2002 учествува на серија предавања во Штип, Неготино и Струмица на тема „Заедница и одговорност", организирани од списанието „Маргина". Во 2002 година е избран за помлад асистент на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев" во Штип за предметите

Основи на филозофијата, Логика и Социологија на образование, каде што работи и сега. Истата година учествува и на дводневниот семинар во Институтот Евро-Балкан-Скопје.

Во 2003 година станува член на Управниот одбор на Филозофското друштво на Македонија со седиште во Скопје. Исто така, тој е член на Хрватското и на Руското филозофско друштво, но и на International Dostoevsky Society. Изготвува сценарија за радиопроекти реализирани преку Советот за радиодифузија. Член е во уредништвото на локалното урбано списание „Патент” и предавач во проектот *Ширење на маргините*, организиран од издавачката куќа „Темплум”. Во 2006 година учествува во обуката за ЕКТС во Охрид, на тема *Изготвување курикулуми во светло на Болоњскиот процес,* како и во обуката за иновативни методи во наставата на тема *Со читање и пишување до критичко мислење*. Во 2007 година учествува во научната конференција на Граѓанската асоцијација на учителите на Република Македонија, со свое излагање на тема *Професионална етика: моралниот лик на наставникот*. Истата година учествува на обука во Охрид, на тема *Менторство и подучување*. Учествува и на меѓународниот симпозиум *16. Денови на Фрањо Петрич* во Црес, Хрватска, на кој го презентира својот труд на тема: *Онтологија на културата*. Учествува во работилница на тема: *Активно учење во големи студентски групи – невозможност или предизвик*, во организација на American Councils and JFDP.

М-р Трајче Стојанов активно ги познава англискиот и рускиот јазик.

**Податоци за објавените стручни и научни трудови и оценка за тие трудови**

***Објавени трудови***

1. **„Filozofski sistem Dostojevskog (pokušaj rekonstrukcije)”** Diacovensia,Vol.25,No.1Svibanj,2010. <http://hrcak.srce.hr/index.php?show=clanak&id_clanak_jezik=79652>
2. „Проблемы русской идентичности в восприятии иностранца“ *Славянский мир в третьем тысячелетии. Славянские народы: векторы взаимодействия в Центральной, Восточной и Юго-Восточной Европе*, Учреждения Российской академии наук Института славяноведения РАН,Москва,2010. <http://www.inslav.ru/index.php?option=com_content&view=article&id=350:2010-05-29-17-03-36&catid=6:2009-08-05-10-46-59&Itemid=2.>
3. „Преглед на руската философија и утврдување на нејзините особености.“ *Филозофија* [Скопје], бр. 19 (септември 2006), 49 – 83. http://www.vbm.mk/scripts/cobiss?ukaz=DISP&id=1605170565926950&rec=7&sid=1
4. „Информација за реализираниот студиски престој на Московскиот педагошки државен универзитет“. *Годишен зборник на Педагошки факултет* [Штип], бр. 7 (2007/2008), 53-57
5. „Мистична антропологија на обожувањето“, *Филозофија* [Скопје], бр.17 (март, 2006), 89 – 115. <http://www.vbm.mk/scripts/cobiss?ukaz=DISP&id=1605170565926950&rec=6&sid=1>
6. „Платон vs Аристотел*“ СУМ* [Штип], *бр.45* (2009), 109 -113.
7. „За особеностите на руската философија“. *Годишен зборник на Педагошки факултет* [Штип], бр. 5-6 (2005/2006), 119-132
8. „Апофатизмот како темел и источник на православната мисла“ *Троичник* [Штип], бр.12 (декември, 2005), 33-38
9. „Попер, Кун и Лакатош за проблемот на научното откритие“ *Годишен зборник на Педагошки факултет* [Штип], бр. 3-4 (2003/2004), 93-103
10. „Творештвото како акт на Ерос (Платоновото поимање на љубовта)” *СУМ* [Штип], *бр.38* (2003), 109 -113. <http://www.vbm.mk/scripts/cobiss?ukaz=DISP&id=1605170565926950&rec=3&sid=1
11. „Попер, Кун и Фаерабенд за проблемот на научното откритие” *Филозофија* [Скопје], бр. 8 (2003), 101 - 112 <http://www.vbm.mk/scripts/cobiss?ukaz=DISP&id=1605170565926950&rec=2&sid=1
12. “Скица на една телеологија“ *Воспитание* [Штип], бр.4-5 (2003/2004), 126 - 129. <http://www.vbm.mk/scripts/cobiss?ukaz=DISP&id=1605170565926950&rec=5&sid=1

13. „Скица на еден нихилизам” *Воспитание* [Штип], бр.3(2002), 88 - 91. http://www.vbm.mk/scripts/cobiss?ukaz=DISP&id=1605170565926950&rec=4&sid=1
14. „Мојот избор: Кјеркегор, Ниче, Достоевски - тројца сурови реалисти” *СУМ* [Штип], *бр.31(2001),* 112 - 124. <http://www.vbm.mk/scripts/cobiss?ukaz=DISP&id=1605170565926950&rec=1&sid=1
15. „School for eternal values”, Proceedings of IV International Scientific Conference, *Contemporary Intentions in Education*, Ohrid, R. Macedonia, 49-53
16. „Моралниот лик на наставникот“, Зборник на трудови од научна конференција на Граѓанската асоцијација на учителите на Република Македонија.

***Преводи на стручни и научни трудови***

„*Политички предизвици на воспитувањето*“, Стојниќ, Миленко С, Ставрева-Веселинова, С. - преведувач // Стојанов, Трајче – преведувач. Филозофија. - ISSN 1409-9985. - Год. 8, бр. 27 (ноември 2009).

<http://www.vbm.mk/scripts/cobiss?ukaz=DISP&id=1605170565926950&rec=9&sid=1

*„Дјуиевата критика на традиционалниот поим за вистината“*, Вучина Зориќ, **превод од црногорски Трајче Стојанов**, *Филозофија* [Скопје], бр. 26 (мај 2009), 73-92

„*За единството на руската философија*“, Михаил А. Маслин, **превод од руски Трајче Стојанов,** *Филозофија* [Скопје], бр. 25 (јуни 2008), 83-99

***Книги***

*Достоевски: од подземјето до Богочовекот*, Аз-Буки, Скопје, 2008 г.

<http://www.vbm.mk/scripts/cobiss?ukaz=DISP&id=1605170565926950&rec=8&sid=1

*Електролит – антологија;* избор на најдобрите раскази од конкурсот за 2010 година, на издавачката куќа „Темплум.“ Темплум, Скопје, 2010 г. (во печат)

***Специјализации и студиски престои во странство***

Студиски (специјалистички) престој во **Москва, Русија** на *Московскиот државен педагошки универзитет* (МПГУ), во период од 22.3.2008 до 10.6.2008 година.

***Учество во конференции, сумпозиуми, трибини и излагања***

2-4 септември 2010 г., Никшиќ, Црна Гора, Međunarodni slavistički skup, III Njegoševi dani

http://www.ff.ac.me/index09.html

13-20 јуни 2010 г., Наполи, Италија, учество на XIV меѓународен симпозиум за Достоевски на тема „Mente filosofica e squardo di scrittore (Philosophical mind, Writer`s Eye)“, организиран од *Меѓународното друштво за Достоевски (IDS)*

*<http://dostoevsky.org/participants.pdf>*

31.3. 2010 г., Международная научна конференция «Славянский мир в третьем тысячелетии», проводимой с 1991 г. в рамках празднования Дней славянской письменности и культуры Институтом славяноведения РАН, Комитетом межрегиональных связей и национальной политики Правительства Москвы, Славянским фондом России и Государственной академией славянской культуры.

<http://old.inslav.ru/konf_2008slavmir2.html>

27-29 ноември 2009 г., Џаково, Р. Хрватска, учество на Меѓународен симпозиум *Руска религиска философија-избрани аспекти*;

<http://www.djkbf.hr/node/206>

Јуни 2008 г., IV International Scientific Conference, *Contemporary Intentions in Education*, Ohrid, R. Macedonia.

23-26 септември 2007 г., Црес, Хрватска, учество на Меѓународен симпозиум на тема „*Човек и култура“*, во рамките на *16.Денови на Фрање Петрич*;

<http://www.hrfd.hr/content/dani-frane-petrica>

мај 2007 г., Научна конференција на *Граѓанската асоцијација на учителите на Република Македонија*.

***Анализа на некои од објавените трудови***

М-р Трајче Стојанов го објави својот магистерски труд како книга под наслов „*Достоевски: од подземјето до Богочовекот*“. Станува збор за сериозен и систематски изработен текст со значајни теориски и методолошки вредности. Темата на трудот покрива интердисциплинарно поврзување на филозофијата, религијата и книжевноста. М-р Трајче Стојанов, авторот на овој труд, понудил автентична и креативна интерпретација на Достоевски, која сведочи за неговата мисловна зрелост и концепциска автономија. Тоа се потврдува во неколку аспекти:

1. прецизно и детално познавање на целокупното книжевно наследство на Достоевски;
2. за разлика од многубројните прикази, осврти и студии, Т. Стојанов, за прв пат во филозофската, но и во пошироката публицистика, систематски се занимава со изведување на филозофските и на религиските импликации во огромниот творечки опус на Достоевски;
3. неговото одлично познавање на филозофското минато и на основите на православното христијанство му овозможуваат да изведе не само експертска анализа и автономна синтеза, туку и релевантна критичка проценка.

Комисијата, исто така, ќе го анализира и текстот *Онтологија на културата* со кој во 2007 година м-р Трајче Стојанов учествува на Симпозиумот посветен на Фрањо Петриќ во Хрватска. Врз основа на детална анализа и проверени податоци, м-р Трајче Стојанов во овој текст го презентира својот став дека духот на Западот и Истокот е фундаментално определен од разликите во религиите. Тој сака да покаже дека денешната ситуација во Европа е резултат на долготрајните историски вриења на религиозните и филозофските теории и дека, врз основа на тоа, неговиот личен став не е оптимистички спрема постоечките европски уверувања дека цела Европа може да ги сподели универзалните вредности.

Врз основа на поднесените документи и копии од објавените трудови и врз основа на работната ангажираност на кандидатот и неговите активности, членовите на Комисијата ја изработија следнава табела на бодирање, според која се оценуваат кандидатите за избор во звањето асистент за кое конкурира кандидатот Трајче Стојанов. Од табелата се потврдува дека вкупниот број на бодови, според овие критериуми, е 99 што далеку го надминува оптималниот број на бодирање потребен за звањето асистент.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ**

| **Ред. бр** | **I)** ***Наставно-образовна дејност*** | | | **Поени** | |
|---|---|---|---|---|---|
| **во земјава** | **во странство** | | | | |
| 1 | Рецензент на учебник, скрипта и сл. | | | 1 | |
| 2 | Научно-популарна статија во стручно-методско списание | | | 1<br>ред.бр.4 | |
| 3 | Научно-популарна статија во весник, учество во образовна РТВ програма | | | 0,5 (x 3)=1.5<br>ред.бр.8 | |
| 4 | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестара во изборниот период) | | | 6 | |
| 5 | Статија во наставно-образовно списание | | | 4(x2)=8,<br>ред.бр.12,13 | |
| **Вкупно бодови за наставно-образовна дејност** | | | | **17,5** | |
| **Ред. бр** | **II)** ***Научноистражувачка и стручно-уметничка дејност*** | | | **Поени** | |
| **во земјава** | **во странство** | | | | |
| 1 | Монографија или научна книга | | | 10 | |
| 2 | Дел од монографија или научна книга | | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3 | Труд со оригинални научни резултати објавени во научно списание опфатено со (СЦИ/ЦИ/останати) | 6 ред.бр.1 | |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научен собир | | 2 ред.бр.2 |
| 5 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | 1,5 | 2(x4)=8 |
| 6 | Одбранета магистерска работа | 4 | |
| 7 | Член на редакциски одбор на научно списание | 1 | |
| 8 | Член на организационен одбор или научен одбор на научен собир, фестивал | 1 | |
| 9 | Студиски престој во странство | 8 | |
| 10 | Рецензент на научен труд | 1,5 | |
| **Вкупно бодови за научноистражувачка и стручно-уметнички дејности** | | **43** | |
| **Ред. бр** | **III)** ***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност*** | **Поени** | |
| **во земјава** | **во странство** | | |
| 1 | Труд во стручно (научно-популарно) списание | 2(x8)=16 Ред.бр.3,5,6, 79,10,14 | |
| 2 | Поглавје од книга | 4 | |
| 2 | Труд објавен во зборник на трудови на стручен собир | 2(x2)=4 ред. бр.15,16 | |
| 3 | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 1 | |
| 4 | Член на уредувачки одбор на стручно списание | 0,5 (воспитание) | |
| 5 | Учество во научен проект | 5 (Темпус) | |
| 6 | Член на факултетски орган/комисија | 2 (x2)=4 (ннс,дисциплинска) | |
| 7 | Стручни награди и признанија | 4 | |
| **Вкупно бодови за стручно-апликативна и организациско-развојна дејност** | | **38,5** | |
| **Вкупно бодови од сите активности** | | **99** | |

**2) М-р Горан Стојанов**

Кандидатот м-р Горан Стојанов кон пријавата ги приложил следниве документи:

1. Куса биографија;
2. Уверение за завршени постдипломски/магистерски студии;
3. Диплома за завршен Филозофски факултет – Институт за филозофија;
4. Уверение за дипломирање и положени испити;
5. Диплома за магистер на филозофски науки;
6. Уверение за завршени магистерски студии и положени испити;
7. Уверение за државјанство;
8. Потврда за познавање на англиски јазик.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Горан Стојанов** е роден на 14 април 1977 година во Скопје. На Филозофскиот факултет во Скопје, на Институтот за филозофија, дипломира во 2000 година со просечна оценка 9,55. На истиот факултет во 2009 година го одбранува магистерскиот труд со наслов „*Персоналистичка филозофија на Николај Берѓаев*“. М-р Горан Стојанов од 2007 до 2010 година работи како асистент по предметот Увод во филозофија на Универзитетот Американ колеџ – Скопје. Активно ги познава англискиот и францускиот јазик.

**Податоци за објавените стручни и научни трудови и оценка за тие трудови**

Поради тоа што кандидатот не поднел примероци од објавените трудови, членовите на Комисијата не се во можност да ги анализираат и да ги оценат.

**3) М-р Сузи Тенева**

Кандидатката м-р Сузи Тенева кон пријавата ги приложила и следниве документи:

1. Уверение за завршени постдипломски/магистерски студии и положени испити;
2. Уверение за дипломирање и положени испити;
3. Сертификат за познавање германски јазик (непреведен);
4. Диплома за магистер на филозофски науки;
5. Диплома за дипломиран професор по филозофија;
6. Уверение за државјанство;
7. Куса биографија.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Сузи Тенева** е родена на 18 мај 1982 во Скопје. Дипломира на Филозофскиот факултет во Скопје – Институт за филозофија во 2005 година, со просечна оценка 9,10. Кандидатката магистрира на истиот факултет во 2009 година на тема „*Кантовото разграничување меѓу убавото и возвишеното*“. Во учебната 2009/2010 година, во зимскиот семестар, е демонстратор на Филозофскиот факултет во Скопје, по предметите: Филозофија и Филозофија на културата на Институтот за родови студии.

Кандидатката активно ги познава англискиот и германскиот јазик.

**Податоци за објавените стручни и научни трудови и оценка за тие трудови**

Поради тоа што кандидатката не поднела примероци од објавените трудови, членовите на Комисијата не се во можност да ги анализираат и да ги оценат.

**4) Д-р Владимир Џидров**

Кандидатот д-р Владимир Џидров кон пријавата ги приложил следниве документи:

1. Диплома за одбранет магистерски труд;
2. Кратка биографија;
3. Потврда за служење со англиски јазик;
4. Список на објавени стручни и научни трудови;
5. Уверение за државјанство.

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Владимир Џидров** е роден на 1 јули 1968 година во Штип. Дипломира на Филозофскиот факултет во Скопје на Институтот за филозофија во 1992 година, а магистрира на истиот факултет во 2003 година на тема „*За природата на Ничеовиот опус*“. Истот така, на Филозофскиот факултет во Скопје, кандидатот докторира со тезата „*Критика на телеолошкиот ум*“ во 2008 година. Кандидатот д-р Владимир Џидров одлично го познава англискиот јазик.

**Податоци за објавените стручни и научни трудови и оценка за тие трудови**

Кандидатот поднел список на четири објавени трудови, но поради тоа што не приложил примероци од објавените трудови, членовите на Комисијата не се во можност да ги анализираат и да ги оценат.

***Предлог за избор на еден кандидат во звањето асистент***

Кандидатите м-р Горан Стојанов, м-р Сузи Тенева и д-р Владимир Џидров ги завршиле своите додипломски и постдипломски студии со одличен успех. Нивните магистерски трудови ги потврдуваат нивните научни капацитети. Членовите на Рецензентската комисија изразуваат жалење што вакви солидни кандидати досега не го нашле своето место во универзитетската настава.

Кандидатот **м-р Трајче Стојанов го предлагаме како единствен кандидат за избор во звањето асистент на Педагошкиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип поради следниве причини:**

1. врз основа на неговото долгогодишно работно искуство во изведувањето на наставата и вежбите по предметите Филозофија, Логика и Естетика, тој се потврди како одличен педагог со инзвонредни комуникациски способности и развиено чувство за научна дејност;
2. во нашата стручна и научна јавност, неговите стручни и научни трудови го афирмираат **меѓу најистакнатите** познавачи на проблемите на филозофијата и религиската филозофија посебно;
3. активното учество на меѓународни конгреси и работилници сведочат за неговата ангажираност во презентација на неговите истражувања;
4. кандидатот покажал интензивна ангажираност и организациски способности во работните тела и во исполнувањето на работните задачи во рамките на факултетот и универзитетот на кој работи.

Поради тоа, членовите на Рецензентската комисија имаат чест на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет во Штип да му **предложат да го избере кандидатот м-р Трајче Стојанов во звањето асистент за наставно-научното подрачје *филозофија*.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Вера Георгиева, с.р.**
**Проф. д-р Денко Скаловски, с.р.**
**Наслов. доц. Драгор Заревски, с.р.**